Врз основа на член 7 и член 8 од Закон за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2010, 47/2011, 41/2014 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 218/2024) и член 34-а од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година, бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година, Интеруниверзитетската ректорска управа во Република Северна Македонија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 02/2026**

за избор на предлог кандидати за членови на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа ( МАРнет):

- 3 (три) лица, од државните универзитеит во Република Северна Македонија, од кои по едно лице од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и Универзитетот во Тетово.

Критериуми за избор:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има завршено високо образование, и
- да го познава англискиот јазик.

Кандидатите поднесуваат:

- пријава за повикот
- кратка биографија (CV).

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на предлог на Интеруниверзитетската ректорска управа.

Јавниот повик трае 5 дена од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје;
- електронски, на е-адреса: rpavlova@ukim.edu.mk.

**Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија**